PROJECT FACTSHEET

Funded by the European Union

**Поддршка од ЕУ за Регионалниот систем за управување со отпад во Скопскиот регион**



**Duration:** 16.02.2026 - 15.02.2029

**Countries:**

North Macedonia

**EU contribution:** € 3 528 148

**Total budget:** € 3 528 148

**Implementer:**

Ministry of Environment and Physical Planning, Center for Development of the Skopje Planning Region

**Project description:**

Проектот „Поддршка од ЕУ за Регионалниот систем за управување со отпад во Скопскиот регион“ има за цел да ја изготви целокупната потребна планска и техничка документација за воспоставување на финансиски и оперативно одржлив интегриран Регионален систем за управување со отпад (РСУО) во Скопскиот регион. Паралелно, проектот ќе ги зајакне капацитетите на регионалните и локалните структури за управување со отпад и ќе дизајнира и спроведе сеопфатна програма за подигнување на јавната свест, која ќе промовира правилни и одговорни практики за управување со отпад.

**Expected results:**

• Ревизија и ажурирање на Регионалниот план за управување со отпад (РПУО) за Скопскиот регион, со Стратешка оцена на влијанието врз животната средина и проценка и анализа на постојната состојба на управувањето со отпад во Скопскиот Регион.
• Подготовка на Студија за изводливост, Анализа на трошоци и придобивки и Студија за оцена на влијанието врз животната средина за воспоставување на интегриран и самостојно одржлив РСУО во Скопскиот регион.
• Подготовка на техничка документација за набавка и изведба на потребните инвестиции за воспоставување на интегриран и самостојно одржлив РСУО во Скопскиот регион.
• Зајакнување на капацитетите на регионалните и локалните власти и институции за ефикасно спроведување и примена на регионалниот систем за управување со отпад.
• Програма и кампања за подигнување на јавната свест за поддршка на воведувањето на интегриран и самостојно одржлив РСУО во Скопскиот регион.